# МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

**3001.**

Врз основа на член 15-а став (5) од Законот за утврдување на јавен интерес и номинирање на стратешки партнер за имплементација на Проектот за изградба на инфраструктурниот Коридор 8 (делница: Тетово – Гостивар – Букојчани и Проектот за автопатот Требеништа – Струга – Ќафасан) и Коридор 10 д (делница на автопатот Прилеп – Битола) во Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.163/21 и 111/23), министерот за транспорт и врски донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ПОТВРДА ДЕКА ПРОМЕТОТ И УВОЗОТ НА ДОБРАТА/СТОКИТЕ СЕ НАМЕНЕТИ ЗА ИЗГРАДБАТА НА КОРИДОР 8 (АВТОПАТСКИ ДЕЛНИЦИ: ТЕТОВО – ГОСТИВАР – БУКОЈЧАНИ И ТРЕБЕНИШТА – СТРУГА – ЌАФАСАН) И КОРИДОР 10 Д (АВТОПАТСКА ДЕЛНИЦА ПРИЛЕП – БИТОЛА) ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ПОТВРДАТА ДЕКА ПРОМЕТОТ И УВОЗОТ НА ДОБРАТА/СТОКИТЕ СЕ НАМЕНЕТИ ЗА ИЗГРАДБАТА НА КОРИДОР 8 (АВТОПАТСКИ ДЕЛНИЦИ: ТЕТОВО – ГОСТИВАР – БУКОЈЧАНИ И ТРЕБЕНИШТА – СТРУГА – ЌАФАСАН) И КОРИДОР 10 Д (АВТОПАТСКА ДЕЛНИЦА ПРИЛЕП – БИТОЛА) ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА КОЈА ТРЕБА ДА СЕ ДОСТАВИ КОН БАРАЊЕТО

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето за издавање на потврда дека прометот и увозот на добрата/стоките се наменети за изградбата на Коридор 8 (автопатски делници: Тетово – Гостивар – Букојчани и Требеништа – Струга – Ќафасан) и Коридор 10 д (автопатска делница Прилеп – Битола) во Република Северна Македонија, формата и содржината на потврдата дека прометот и увозот на добрата/стоките се наменети за изградба на Коридор 8 (автопатски делници: Тетово – Гостивар – Букојчани и Требеништа – Струга – Ќафасан) и Коридор 10 д (автопатска делница Прилеп – Битола) во Република Северна Македонија и потребната документација која треба да се достави кон барањето.

Член 2

(1) Барањето за издавање на потврда дека прометот и увозот на добрата/стоките се наменети за изградбата на Коридор 8 (автопатски делници: Тетово – Гостивар – Букојчани и Требеништа – Струга – Ќафасан) и Коридор 10 д (автопатска делница Прилеп – Битола) во Република Северна Македонија се поднесува на образец „Б-ИП”, на хартија во бела боја во А4 формат.

(2) Формата и содржината на образецот на барањето од ставот (1) на овој член, се дадени во Прилог 1, кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Кон барањето од членот 2 од овој правилник се доставува следната документација:

- фактури за извршениот промет на енергенти кон Стратешкиот партнер (со износот на платената акциза, како и името (називот) на примателот на енергентите и називот на Законот за утврдување на јавен интерес и номинирање на стратешки партнер за имплементација на Проектот за изградба на инфраструктурниот Коридор 8 (делница: Тетово – Гостивар – Букојчани и Проектот за автопатот Требеништа – Струга – Ќафасан) и Коридор 10 д (делница на автопатот Прилеп – Битола) во Република Северна Македонија;
- фактури за увозот на добрата/стоките извршен од страна на Стратешкиот партнер (со износот на платената фактура, како и името (називот) на примателот на добрата/стоките и називот на Законот за утврдување на јавен интерес и номинирање на стратешки партнер за имплементација на Проектот за изградба на инфраструктурниот Коридор 8 (делница: Тетово – Гостивар – Букојчани и Проектот за автопатот Требеништа – Струга – Ќафасан) и Коридор 10 д (делница на автопатот Прилеп – Битола) во Република Северна Македонија;
- изјава од овластеното лице на Стратешкиот партнер под морална, материјална и кривична одговорност дека набавените добра/стоки се наменети и ќе се користат за изградбата на Коридор 8 (автопатски делници: Тетово – Гостивар – Букојчани и Требеништа – Струга – Ќафасан) и Коридор 10 д (автопатска делница Прилеп – Битола) во Република Северна Македонија;
- потврда од правното лице кое врши надзор над изградбата на Коридор 8 (автопатски делници: Тетово – Гостивар – Букојчани и Требеништа – Струга – Ќафасан) и Коридор 10 д (автопатска делница Прилеп – Битола) во Република Северна Македонија, дека добрата/стоките наведени во фактурата ќе се користат за целта за која се набавени или увезени и
- доказ за платената акциза за енергенти согласно прописите од областа на акцизите.

Член 4

(1) Потврдата дека прометот и увозот на добрата/стоките се наменети за изградбата на Коридор 8 (автопатски делници: Тетово – Гостивар – Букојчани и Требеништа – Струга – Ќафасан) и Коридор 10 д (автопатска делница Прилеп – Битола) во Република Северна Македонија се издава на образец „П - ИИК” на хартија во бела боја во А4 формат.

(2) Формата и содржината на образецот на потврдата од ставот (1) на овој член, се дадени во Прилог 2, кој е составен дел на овој правилник.

Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 01-4108/1
8 август 2023 година
Скопје

Министер
за транспорт и врски,
**Благој Бочварски,** с.р.

**ПРИЛОГ 1**

Образец Б – ИП

До
Јавното претпријатие за државни патишта
Ул. Даме Груев бр.14
1000 Скопје
Република Северна Македонија

**Барање за издавање на потврда дека прометот и увозот на добрата/стоките се наменети за изградбата на Коридор 8 (автопатски делници: Тетово – Гостивар – Букојчани и Требеништа – Струга – Ќафасан) и Коридор 10 д (автопатска делница Прилеп – Битола) во Република Северна Македонија**

____________________________________________________________________
назив на Стратешкиот партнер

____________________________________________________________________
име и презиме на овластеното лице на Стратешкиот партнер

____________________________________________________________________
звање на овластеното лице на Стратешкиот партнер

Кон барањето се доставува следната документација:

- фактури за извршениот промет на енергенти кон Стратешкиот партнер (со износот на платената акциза, како и името (називот) на примателот на енергентите и називот на Законот за утврдување на јавен интерес и номинирање на стратешки партнер за имплементација на Проектот за изградба на инфраструктурниот Коридор 8 (делница: Тетово – Гостивар – Букојчани и Проектот за автопатот Требеништа – Струга – Ќафасан) и Коридор 10 д (делница на автопатот Прилеп – Битола) во Република Северна Македонија;
- фактури за увозот на добрата/стоките извршени од страна на Стратешкиот партнер (со износот на платената фактура, како и името (називот) на примателот на добрата/стоките и називот на Законот за утврдување на јавен интерес и номинирање на стратешки партнер за имплементација на Проектот за изградба на инфраструктурниот Коридор 8 (делница: Тетово – Гостивар – Букојчани и Проектот за автопатот Требеништа – Струга – Ќафасан) и Коридор 10 д (делница на автопатот Прилеп – Битола) во Република Северна Македонија;
- изјава од овластеното лице на Стратешкиот партнер под морална, материјална и кривична одговорност дека набавените добра/стоки се наменети и ќе се користат за изградбата на Коридор 8 (автопатски делници: Тетово – Гостивар – Букојчани и

Требеништа – Струга – Ќафасан) и Коридор 10 д (автопатска делница Прилеп – Битола) во Република Северна Македонија;

- потврда од правното лице кое врши надзор над изградбата на Коридор 8 (автопатски делници: Тетово – Гостивар – Букојчани и Требеништа – Струга – Ќафасан) и Коридор 10 д (автопатска делница Прилеп – Битола) во Република Северна Македонија, дека добрата/стоките наведени во фактурата ќе се користат за целта за која се набавени или увезени и
- доказ за платената акциза за енергенти согласно прописите од областа на акцизите.

Листа на фактури за промет и увоз на добра/стоки за кои се бара потврда дека се наменети за изградбата на Коридор 8 (автопатски делници: Тетово – Гостивар – Букојчани и Требеништа – Струга – Ќафасан) и Коридор 10 д (автопатска делница Прилеп – Битола) во Република Северна Македонија

| Реден број | Назив на испорачател на добра/стоки | Број на фактура | Опис на добра/ стоки | Тарифна ознака | Вредност на добра/стоки (во евра) | Вредност на добра/стоки (во денари) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| ВКУПНО | | | | | | |

Архивски бр.___________

Датум _________________

Име, презиме и потпис

на овластеното лице на Стратешкиот партнер

_________________________________

**ПРИЛОГ 2**

Образец П – ИИК

Врз основа на член 15-а став (4) од Законот за утврдување на јавен интерес и номинирање на стратешки партнер за имплементација на Проектот за изградба на инфраструктурниот Коридор 8 (делница: Тетово – Гостивар – Букојчани и Проектот за автопатот Требеништа – Струга – Ќафасан) и Коридор 10 д (делница на автопатот Прилеп – Битола) во Република Северна Македонија, Јавното претпријатие за државни патишта издава

**Потврда дека прометот и увозот на добрата/стоките се наменети за изградбата на Коридор 8 (автопатски делници: Тетово – Гостивар – Букојчани и Требеништа – Струга – Ќафасан) и Коридор 10 д (автопатска делница Прилеп – Битола) во Република Северна Македонија**

Со оваа потврда Јавното претпријатие за државни патишта потврдува дека прометот и увозот на следните добра/стоки набавени од страна на ________________________________________________
(назив на Стратешкиот партнер)
се наменети за изградбата на Коридор 8 (автопатски делници: Тетово – Гостивар – Букојчани и Требеништа – Струга – Ќафасан) и Коридор 10 д (автопатска делница Прилеп – Битола) во Република Северна Македонија:

| Реден број | Назив на испорачател на добра/стоки | Број на фактура | Опис на добра/стоки | Тарифна ознака | Вредност на добра/стоки (во евра) | Вредност на добра/стоки (во денари) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| ВКУПНО | | | | | | |

Архивски бр.____ Име, презиме и потпис

Датум ______ М.П. на овластеното лице во Јавното претпријатие за државни патишта

________________________________________

# РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА И ВОДНИ УСЛУГИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**3002.**

Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 18 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и член 236/22) и член 13 од Правилникот за лиценци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.51/19, 54/19, 214/19, 114/20, 246/20 и 44/21), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на 28 јули 2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ СНАБДУВАЊЕ СО ПРИРОДЕН ГАС**

1. На Друштвото за трговија на гас ГАМА ГАС ТРАДЕ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, се издава лиценца за вршење на енергетската дејност снабдување со природен гас.

2. Лиценцата за вршење на енергетска дејност снабдување со природен гас е дадена во Прилог, којшто е составен дел на оваа одлука.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

УП1 Бр. 11-446/23
28 јули 2023 година
Скопје

Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија,
Претседател,
**Марко Бислимоски,** с.р.

Прилог:

**Л И Ц Е Н Ц А**
**ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ СНАБДУВАЊЕ СО ПРИРОДЕН ГАС**

**1. Назив и седиште на носителот на лиценцата**
Друштво за трговија на гас ГАМА ГАС ТРАДЕ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, со седиште на ул. „Борис Трајковски“ бр.1-1/16 Скопје – Кисела Вода, Република Северна Македонија

**2. Енергетската дејност за која се издава лиценцата:** Снабдување со природен гас

**3. Датум на издавање на лиценцата:** 28 јули 2023 година

**4. Датум на важење на лиценцата:** 28 јули 2033 година

**5. Евидентен број на издадената лиценца:** ПГ-СНАБ-76-2023

**6. Единствен матичен број:** 7659679

**7. Единствен даночен број:** 4058023544558

**8. Вид и обем на енергетската дејност што ќе се врши**
Како снабдување со природен гас во смисла на оваа лиценца, се смета набавка на природен гас во Република Северна Македонија и/или од странство заради продажба на своите потрошувачи, вклучувајќи производители на електрична енергија и/или топлинска енергија, други снабдувачи, трговци, операторот на системот за пренос или дистрибуција на природен гас и други учесници на пазарот на природен гас.

**9. Опис на условите и начинот на вршење на дејноста**
Енергетската дејност снабдување со природен гас, носителот на лиценца ќе ја врши преку склучување на соодветни договори за купување и продажба на природен гас и договори за обезбедување на соодветен пренесен и/или дистрибутивен капацитет.

**10. Подрачје на кое ќе се врши дејноста**
Енергетската дејност снабдување со природен гас, носителот на лиценцата ќе ја врши на подрачјето на кое ја врши дејноста дистрибуција со природен гас.

**11. Општи обврски за носителот на лиценцата**
Носителот на лиценцата е должен да:
- обезбеди непречена и континуирана испорака на природен гас согласно купопродажните договори,
- ги исполни своите обврски кон потрошувачите во однос на сигурноста и обемот на снабдувањето,
- обезбеди за своите потрошувачи услуга со квалитет утврден во правилата за снабдување со природен гас,
- обезбеди недискриминаторен третман на сите потрошувачи,
- доставува до операторот на системот за пренос на природен гас податоци за трансакциите и плановите за потрошувачка на природен гас за своите потрошувачи, неопходни за пресметка на дебалансите,
- овозможи потрошувачите да добиваат редовни и точни известувања за реалната потрошувачка и трошоците за природен гас, за да можат да управуваат со својата потрошувачка,
- ги плати набавените количини на природен гас, како и системските услуги од операторот на системот за пренос на природен гас и/или оператор на системот за дистрибуција на природен гас,
- овозможи промена на снабдувач на транспарентен и недискриминаторен начин, без трошоци за потрошувачот, во рок не подолг од три недели од денот кога потрошувачот доставил барање за снабдување до новиот снабдувач со природен гас,
- обезбеди при секоја промена на снабдувач со природен гас, потрошувачот да добие конечно затворање на сметката во рок од шест недели од настанувањето на промената на снабдувачот,
- воспостави постапки за ефикасно решавање на приговорите на своите потрошувачи во рок од 60 дена, вклучувајќи можност и за вонсудско решавање на спорови и обврска за враќање и/или компензација на средства кога е тоа оправдано,